**О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А**

Врз основа на точка 6 од Програмата на активности на Сектор за заштита на животна средина и природата на подрачјето на Општина Гази Баба за 2023 година со наслов Субвенционирање на граѓаните на општина Гази Баба за чистење на оџаци во своите домови ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/22), Општина Гази Баба објавува

# Ј А В Е Н  П О В И К
## за субвенционирање на граѓаните на општина Гази Баба за чистење на оџаци во своите домови

**1. Опис на јавниот повик**

(1.1) Најголемиот проблем во областа на заштита на животната средина, со кој сесоочува нашата општина, е нарушениот квалитет на амбиенталниот воздух во градот, особено со партикуларни честички (ПМ10 и ПМ2,5). Една од поголемите причини за емисија на овие честички е затоплувањето на објектите кои не се приклучени на централно греење, пред се заради нецелосното и несоодветното согорување на огревното дрво, лошиот квалитет на дрвото и начинот на неговото чување и употреба на стари, дотраени и технички неисправни печки, како и нередовно чистење и одржување на оџаците.

(1.2) Мерката има цел да ги постигне следните краткорочни и некои подолгорочни ефекти:

- -постигнување на подобро согорување и намалување на штетните отпадни гасови,
- -намалување на саѓи,
- -заштита од пожари,
- -заштита на животна средина и природата, и
- -подигнување на јавната свест кај граѓаните за потребата за чистење на оџаците.

(1.3) Финансиските средства за надоместување на дел од трошоците направени за чистење на оџаци се во **нето износ од 1.200,00 денари** по домаќинство. Персоналниот данок на доход е на товар на Општина Гази Баба.

(1.4) Јавниот повик ќе трае од денот на објавување вклучувајќи ги реализираните активности за чистење, заклучно со 30.11.2023 година, односно до искористување на средствата предвидени за оваа намена со Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година.

**2. Право на учество на Јавниот повик**

(2.1) Право на учество на Јавниот повик имаат жителите на општина Гази Баба, кои ги исполнуваат условите од овој Јавен повик односно кои го исчистиле оџакот на својот дом во период од објава на Јавниот повик, до 30.11.2023 година односно се до исцрпувањето на средствата наменети за оваа намена во Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година.

**3. Услови што треба да ги исполни барателот**

(3.1) Барателот треба да ги исполни следниве услови:

- да е жител на Општина Гази Баба,
- адресата на реализираното чистење на оџакот да се совпаѓа со адресата од важечкиот личен документ на барателот,
- објектот каде што ќе биде исчистен оџакот да не е во фаза на градба,
- да достави оригинална фискална сметка за извршено чистење на оџакот со датум од денот на објавување на Јавниот повик се до исцрпувањето на средствата од буџетот наменет за Јавниот повик, но не подоцна од 30.11.2023 година; и
- да достави оригинална потврда за извршено чистење на оџак со датум од денот на објавување на Јавниот повик се до исцрпувањето на средствата од буџетот наменет за Јавниот повик, но не подоцна од 30.11.2023 година издадена од оџачар вработен во фирма регистрирана со шифра на дејност 81.22 согласно со Националната класификација на дејност

**4. Начин на пријавување на Јавниот повик**

(4.1) За надоместување на дел од трошоците и докажување дека условите за учество на Јавниот повик се исполнети, барателот е должен да ја поднесе следната документација:

- барање за субвенционирање на граѓаните на општина Гази Баба за чистење на оџаци во своите домови (барањето може да се подигне во архивата на Општина Гази Баба или да се обезбеди од интернет страницата на Општината: (www.gazibaba.gov.mk),
- фотокопија на важечка лична карта на барателот, како доказ дека е жител на Општина Гази Баба,
- фотокопија од трансакциска сметка исклучиво на барателот,
- доказ дека е извршено чистење на оџакот (оргинална фискална сметка и оргинална потврда издадена од овластена фирма за таа дејност)

(4.2) Само едно лице од домаќинство може да аплицира за добивање на субвенција за исчистен оџак.

(4.3) Барателот своето барање за искористување на правото за надоместок, заедно со потребната документација, треба да го достави во затворен плик во архивата на Општината на адреса ул.Архимедова бр.2, секој работен ден од 07:30 до 16:30 часот. На пликот треба да е наведено: **„Јавен повик за субвенционирање на граѓаните на општина Гази Баба за чистење на оџаци во своите домови"**

(4.4) Архивата на Општина Гази Баба применете барања ќе ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута), заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат барањата.

**5. Начин на спроведување на Јавниот повик**

(5.1) За спроведување на Јавниот повик Градоначалникот формира Комисија за спроведување на Јавниот повик за субвенционирање на граѓаните на општина Гази Баба за чистење на оџаци во своите домови за 2023 година.

(5.2) Општина Гази Баба, во зависност од динамиката на пристигнување на барањата, периодично ќе ја известува јавноста за преостанатите средства, се до 30.11.2023 година односно до нивно целосно искористување на својата веб страна (www.gazibaba.gov.mk)

(5.3) Исплатата на средствата ќе се врши сукцесивно, според редот на пристигнати барања, се до трошење на предвидениот буџет за оваа намена.

(5.4) Кога ќе бидат исцрпени предвидените финансиски средства, Општина Гази Баба ќе го објави завршувањето на Јавниот повик на својата веб страна.

**6. Начин на остварување на правото на надоместок**

(6.1) Градоначалникот на Општина Гази Баба на предлог на Комисијата ќе донесе решение за усвојување на барањето на барателите кои ги исполниле условите врз основа на Јавниот повик.

(6.2) Градоначалникот на Општина Гази Баба на предлог на Комисијата ќе ги извести за неусвојување на барањето, барателите кои не ги исполниле условите врз основа на Јавниот повик.

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**